До Наставно-научен совет на
Факултет за образовни науки при УГД Штип
До Ректор на УГД Штип

# П Р И Г О В О Р

***кон РЕФЕРАТОТ за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при УГД Штип, објавен во Универзитетски Билтен број 160 од декември 2015 година***

Во РЕФЕРАТОТ за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област ***методика и образование на*** наставници на Факултетот за образовни науки при УГД Штип, објавен во Универзитетски Билтен број 160 од декември 2015 година, рецензентската комисија во состав проф. д-р Даниела Андоновска – Трајковска како претседател, проф. д-р Снежана Јованова – Митковска како член и проф. д-р Снежана Мирасчиева како член, предлагаат Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при УГД Штип да ја избере библиотекарката при самиот факултет Ирена Китанова во звањето доцент за наставно – научната област ***методика и образование на наставници.***

Согласно со Член 125 од Законот за високо образование, за избор во доцент, покрај останатите административни услови, кандидатот за доцент треба да ги исполнува и следните минимални услови согласно законот.

“За доцент може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус посебно, ***објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години,*** постигнувања во примената на истражувачките резултати и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоеволуацијата. Покрај тоа, во Гласник број 26 на УГД, во член 9 од Критериуми за избор во звања на УГД, стои одредба дека „најмалку еден од објавените трудови на кандидатот треба да е во начно списание опфатено со СЦИ.

Овој предуслов е **НЕОПХОДЕН ЗА ДАДЕН КАНДИДАТ ДА СЕ ИЗБЕРЕ ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ.**

Во Рефератот од Универзитетски билтен на УГД број 160 од 15. 12. 2015 година, рецензентската комисија наведува дека трудовите со кои кандидатот Ирена Китанова ги исполнува предвидените услови за избор во звање „доцент„ се (табела на страна 52 и страна 53):

1. Ирена Китанова, Classroom with E-Learning for Gifted Children, The VI International Balkan Congress for Education and Science: modern society and education, Универзитет “Св. Климент Охридски„ Охрид, ISBN 978-9989-823-33-6, 2011 godina.
2. Китанова Ирена, Спецификите на комплексната постапка за обработка на буква, Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад”, Меѓународен славјански универзитет „Г.Р.Државин”, Свети Николе, Македонија, ISBN 978-608-4689-04-1, 2013 ГОДИНА.
3. Kitanova, Irena, Analysis (interpretation) of a text in class teaching, 2th International Conference „Education across borders, Critical thinking in education„ 31-1 November, Korce, Albany, ISBN (print) 9789928146274, 2014.
4. Kitanova Irena, Story interpretation and its influence to child in early school, Fifth International Conference: Knowledge Capital of the Future, 2225, May, Bansko, Bulgaria, 2015. ISSN 1857-92, 2015.
5. Emilija Petrova Gorgeva, Snezana Mirascieva, Snezana Stavreva Veselinovska, Kitanova, Irena, Menagement process subject to constant change, Fifth International Conference: Knowledge Capital of the Future, 2225, May, Bansko, Bulgaria, 2015. ISSN 1857-92, 2015.

Согласно одредбите од Правилникот за избори на УГД Штип, кандидатите мора да ги имаат депонирано сите свои трудови во Репозиториумот на УГД. После прегледувањето на материјалите од Репозиториумот на УГД, поставени од страна на кандидатот Ирена Китанова, може да се заклучи следното:

1. Трудот со реден број (2) е објавен во Зборникот на трудови од конференцијата Исток-запад публикуван од Меѓународниот славјански универзитет „Г.Р.Державин", Свети Николе, Македонија, од 2013 година. Овој Зборник на трудови не може да се класифицира како „меѓународна научна публикација, поради неколку причини и тоа:

- ова е Зборник на трудови, каде трудовите се објавени во форма на нерецензирани проширени апстракти;
- уредувачкиот одбор наместо од професори од 5 различни држави, се состои од три членови од кои двајца се од Македонија и еден е од Русија;

Не го исполнува овој предуслов, тогаш нема да биде можно да се изврши неговиот избор во збање „доцент".

Кандидатката исто така не се наоѓа на работно место **АСИСТЕНТ** на Факултетот за образовни науки, како што се наведува во рефератот, туку е вработена како **БИБЛИОТЕКАР** во самиот факултет. Воедно унапредувањето на административниот персонал на повисоки позиции (избор во наставно звање) **НЕ Е ДОЗВОЛЕНО** во текот на реализацијата на новата систематизација на институцијата, согласно законите кои ја третираат проблематиката на јавната администрација.

Како заклучок од овој приговор следи дека сите „трудови" наведени и евалуирани во Рефератот за избор на Ирена Китанова се просидинзи или апстракти на конференции, или публикации објавени во зборници од Македонија (или се „трудови публикувани" во непостоечки списанија), што според критериумите пропишани во Законот за високото образование НЕ СЕ МЕЃУНАРОДНИ ПУБЛИКАЦИИ. Во прилог на ова, при пребарувањето во сите светски релевантни бази на научни публикации на меѓународни списанија (Scopus, ISI Web of Knowledge), не се пронајдени трудови во кои автор е Ирена Китанова.

Согласно на податоците наведени во Рефератот од Универзитетскиот билтен број 160 на УГД Штип, библиотекарката Ирена Китанова ***не го исполнува еден од основните предуслови да биде унапредена во звање доцент,*** согласно на критериумите по законот и на правилникот за избор во звање на УГД.

Согласно одредбите од Законот за високото образование на Република Македонија, овој Приговор треба да биде објавен во наредниот Универзитетски билтен на УГД и истиот треба да биде доставен до соодветната рецензентска комисија.

Штип, 17.8.2015 год.

Со почит,

Група Редовни професори
Од УГД Штип